

Народната носија во пределот *Поле* (*Прилепско, Битолско*), голем рамничарски предел во средниот дел на Брсјачката етничка област, по бројноста на облеките и нивното украсување е позната по тоа што во минатото била една од најдекоративните, но во исто време и најтешките носии што ги носеле жените во Македонија.

Долгите платнени туниковидни кошули се украсени со густо извезени мотиви во разни бои, меѓу кои доминира црвената во сите нијанси. Богатството и разновидноста на извезените мотиви, нивната складност и прецизност, ги карактеризираат везбените

украси како едни од најубавите и најдекоративните во Македонија.

Платнената летна саја и зимскиот волнен бел *клашеник*, украсени со извезени мотиви, срма и монистра, ткаената волнена, ситно орнаментирана скутина - *опрегач*, усогласени по боја, начин на украсување и орнаментика, чинат една целина со останатите делови на носијата.

Зимска облека е *валанка*, изработена е од дебела црна клашна, украсена со карактеристични украси од гајтани, ширити и монистра. Волнени, плетени, вкусно шарени чорапи и *калци* (волнени чорапи без стапало), со опинци, го оформуваат обувањето на нозете.

Најдекоративна и највпечатлива е невестинската носија, со посебно украсената невестинска скутина *чултар*, украсот *коцле* од волнени црни householdски, извезената покривка за глава *обрус*, чии ткаени краишта се со декоративна геометриска орнаментика и рески, и специјалната богато извезена покривка за глава *сокај*. Во обликувањето на облеките импресионира богатиот народен вез во карактеристична гобленска техника, со изобилно богатство на форми и доминантна црвена боја. И народниот накит, масивен, разновиден и многуброен, ја дополнува целокупната носија, придавајќи и` посебна декоративност.

Машката носија во Прилепско - Битолското Поле ја сочинуваат бројни облеки: *аба* - од бела тенка волнена ткаенина, кошула од платно со везени украси, *џамадан* од црна клашна, појас ткаен од темно црвена волна, како и ресачка - горна облека од црна клашна, долга до колена. Специфичност на носијата од овој регион е употребата на скутина - *унечка*, како составен дел на машката носија.

Зимската машка носија е сета од волнена валана ткаенина *шаек*, порано во бела, потоа во црна, а како моден тренд, особено за помладите, во темноцрвена боја. Бројните облеки што влегуваат во составот на оваа носија - *минтан, елек, џамадан, бечви*

- украсени со црни *оптоки*, се дополнуваат со разнобојниот пругасто - шарен волнен појас. На нозете се носат волнени, плетени чорапи и кожни чевли, а на главата *шубара* од јагнешка кожа.

**Народни везови**



*"Ракавче лозено", невестинско - додатни ракави од "саја" ( женска горна облека). Везено со "аловна", "ѓувезна" и црна волна. Мотивите оцртани ("наклавани") со жолта срма. Техники*

*: "
лозено
-
полнето
","
травци
".
Мотив
"
крстои
".
Прилепско Поле, крајот на 19. век. Дим. 26 * 25 см*



*"Ракавче лозено" - додатни ракави од женска празнична "саја" (горна облека). Везено с
о
"
аловна
", "
ѓувезна
"
и
црна
волна
.
Техника
"
лозено
-
полнето
".
Мотиви*

*: "
шапки
"
и
"
клучиња
".
Прилепско Поле, крајот на 19. век. Дим. 27 * 27 см*



*"Ракавче писано" - додатни ракави од женска празнична "саја" (горна облека). Везено с
о
"
аловна
", "
ѓувезна
"
и
жолта
волна*

*,
бела
и
жолта
срма
.
Техники
: "
писано
", "
синциречко
", "
сукан
трашец
".
Мотиви
: "
колца
".
Прилепско Поле, крајот на 19. век. Дим. 25 * 28 см*



*Вез од долен дел на женска кошула ("пола" и "пореборник" со "околеш"). Работени со в
олна*

*во*
*бои*
*: "*
*аловна*
*", "*
*ѓувезна*
*",*
*црна*
*и*
*жолта*
*.*
*Техники*
*: "*
*лозено*
*-*
*полнето*
*", "*
*травци*
*".*
*С. Костинци, Прилепско Поле, крајот на 19. век. Дим. 11 * 36 см.; 9 * 23 см.*



*"Ракавче грабено" - додатни ракави од "саја" (горна облека) за постара жена. Везено с*
*о*
*"*

*аловна*
*", "*
*ѓувезна*
*"*
*црна*
*и*
*зелена*
*волна*
*.*
*Техника*
*: "*
*грабено*
*".*
*Мотив*
*: "*
*едно*
*колце*
*".*
*Прилепско Поле, крајот на 19. век. Дим. 23 * 31 см*



*Јака ("корил") и вез за на гради ("предници") од женска кошула. Везени со "аловна", "ѓ увезна " и црна волна. Техника: " полнеж ". Прилепско Поле, поч. на XX век. Дим. 37 * 7 см.; 14 * 40 см*



*Вез од долен дел на женска кошула ("пола" и "пореборник" со "околеш"). Работени со волна во бои: "аловна", "ѓувезна", црна и жолта. Техники: "лозено-полнето", "травци".*

*С. Костинци, Прилепско Поле, крајот на 19. век. Дим. 11 * 36 см.; 9 * 23 см.*